Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто триесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 13 јануари 2022 година**

**Скопје, јануари 2022 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто триесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 јануари 2022 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 14:20 часот.

На седницата претседаваше првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, д-р Артан Груби.

На седницата учествуваа: Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, д-р Ирена Стефоска, министер за култура и Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата учествуваа и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана и Трајан Димковски, заменик на министерот за земјодлство, шумарство и водостопанство.

На седницата учествуваше и Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, Љупчо Николовски и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, м-р Никола Димитров и членовите на Владата: д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, Мила Царовска, министер за образование и наука, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Записник од Деветнаесеттата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 13 јануари 2022 година, со Предлог-одлука

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата по Записникот од Деветнаесеттата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 13 јануари 2022 година, со Предлог-одлука ги донесе следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за преземање на мерка за обезбедување на дополнителни количини на електрична енергија во услови на постоење на кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија, во предложениот текст.

2. Се задолжува АД „Електрани на Северна Македонија" - Скопје да постапи по Одлуката за преземање на мерки за обезбедување на дополнителни количини на електрична енергија при прогласена кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:40 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Мухамед Зеќири**

**ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**dr. Artan Grubi**